РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 17 - 22/3
Датум 14.02.2011 200 _ год
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитираат двегодишните (3+2) и едногодишните (4+1) студиски програми за вториот циклус последипломски студии од областа на Еколошка економија на Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма од вториот циклус последипломски студии по **Еколошка економија** на Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклус студии од областа **Еколошка економија,** во траење од една и две години (два и четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус и одбрана на магистерски труд, студентот се стекнува со научниот степен **магистер на економски науки од областа на Еколошка економија**, научно-истражувачко подрачје: економски науки, научна област: Еколошка економија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Приватниот научен институт за бизнис економија во Скопје, по претходно донесената одлука на Советот на Приватниот научен институт за давање согласност за организирање на втор циклус на студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми за Еколошка економија од Советот на приватниот институт, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма

бр.15-46/1 од 01.04.2010 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус (последипломски студии), студиска програма по Еколошка економија.

Одборот за акредитација на својата 27 седница одржана на 12.05.2010 година формира експертска комисија и на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**проф. д-р Михаил Петковски**